## ОДЛУКА
### за определување на трошоците за исклучување и повторно приклучување на исклучените грејни тела кај Потрошувачите

**член 1**

За сите потрошувачи во објектите во кои се испорачува топлинска енергија за пробно греење, трошокот се определува по пат на пресметка (член 34 од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија) по тарифни ставови кои согласно член 5 став 4 се за 50 % поголеми од од тарифните ставови за редовна испорака на топлинска енергија.

Конечното срамнување се прави врз основа на потрошената и измерената енергија на мерилото за топлинска енергија по завршување на пробниот период.

**член 2**

Сите потрошувачи на топлинска енергија кои се исклучуваат или повторно се приклучуваат на топлификациониот систем по нивно барање, согласно член 6 став 1 од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија ќе плаќаат :

1. Фиксни трошоци по интервенција..........................................................400 ден
2. Трошоци за материјал и работна рака за исклучување по грејно тело ..300 ден
3. Трошоци за материјал и работна рака за приклучување грејно тело ...300 ден
4. Трошоци за испуштање на ХПВ во сезона –топла вода........................ 312 ден/$м^3$
5. Трошоци испуштање на ХПВ вон сезона – ладна вода...........................144 ден/$м^3$

На целиот износ се пресметува данок на додадена вредност.

Доколку при исклучувањето/приклучувањето потрошувачот не е присатен, при повторно реактивирање на барањето за исклучувањето/приклучувањето, потрошувачот плаќа дополнителен трошок од 200 денари.

**член 3**

Потрошувачите на топлинска енергија кои се исклучени од топлификациониот систем присилно, заради нередовно плаќање на фактурите за испорачаната топлинска енергија и при исклучувањето не им се наплатени трошоци за исклучување, согласно член 6 став 3 од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, при повторно приклучување плаќаат :

1. Фиксни трошоци по интервенција.............................................................. 800 ден
2. Трошоци за работна рака и материјал за исклучување по грејно тело.......600 ден
3. Трошоци за работна рака и материјал за приклучување по грејно тело.....600 ден
4. Трошоци за испуштање на ХПВ во сезона (топла вода)........................ 624 ден/$м^3$
5. Трошоци за испуштање на ХПВ вон сезона (ладна вода)......................288 ден/$м^3$

На целиот износ се пресметува данок на додадена вредност.

Утврдувањето на износот за испуштање на количини на ХПВ во грејна сезона (топла вода) и во период кога не е грејна сезона (ладна вода), зависи од висината на катноста на објектот, односно 0,5$м^3$ од спрат испуштена вода.

**член 4**

Надоместоците кои ќе ги плаќаат потрошувачите на топлинска енергија за услугите согласно член 7 од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, изнесуваат:

1. Контрола на инсталирана моќност ......................................... 400 ден/потрошувач
2. Контрола на загревна површина ........................................... 400 ден/потрошувач
3. Контрола на исклучен/приклучен потрошувач ........................400 ден/потрошувач

На целиот износ се пресметува данок на додадена вредност.

**член 5**

Наведените цени се однесуваат за стандардно исклучување и приклучување на грејни тела.

За нестандардни исклучувања и приклучувања цените се определуваат врз основа на пресметка за бараната услуга.

**член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Друштво за снабдување со топлинска енергија
СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ
СКОПЈЕ